Студиската програма: **ВТОР ЦИКЛУС СТРУЧНИ ПРАВНИ СТУДИИ (ПОСЛЕДИПЛОМСКИ СТРУЧНИ СТУДИИ) ПО МЕЃУНАРОДНО ПРАВО**

Времетраење на студиската програма: **2 (две) години**

ЕКТС кредити: **120**

## <u>Цели на студиската програма</u>

Студиската програма за стручни правни студии од втор циклус (последипломски стручни студии) по меѓународно право ќе се реализира преку: интерактивна настава, клиничко образование (*internship* во државни органи, политички партии, невладини организациии, регионални и меѓународни организации), работилници, семинари и консултации, како и со самостојно научно истражување, во функција на проширено и продлабочено стручно знаење, презентирано во стручниот магистерски труд како завршна фаза од стручните правни студии од втор циклус (последипломски стручни студии) по меѓународно право. Како една од најважните цели на оваа студиска програма, се појавува потребата за оспособување на кандидатите во областа на меѓународното право, како во поглед на апликативноста, така и во поглед на нивните стручни и истражувачки потенцијали и креативност. На кандидатите ќе им биде обезбеден непречен пристап до факултетската стручна и академска литература, релевантна за оваа студиска програма, и до расположливата електронска база на податоци, непосреден контакт и консултации со професорите, односно контакт и престој во релевантни меѓународни институции, тела и организации. Основна цел на студиската програма за стручни правни студии од втор циклус (последипломски стручни студии) по меѓународно право е продлабочување, проширување и подигање на нивото на студентските знаења во рамки на дисциплините вклучени во студиската програма, како и поттикнување и развивање на самостојни истражувачки и стручни способности за успешно разбирање и третирање на проблематиката на меѓународното право како научна дисциплина.

## <u>Резултати од учењето (специфични дескриптори на квалификации)</u>

**знаења и разбирање**

- покажува стручно знаење и разбирање на воспоставените принципи во полето на правото, посебно во областа на меѓународното право.
- покажува кохерентно познавање на стручните теми во областа на меѓународното право, меѓународната политика, меѓународната економија, меѓународната безбедност, дипломатијата, надворешната политика на ЕУ и др.
- покажува стручно знаење за поширокиот, мултидисциплинарен и интердисциплинарен контекст на меѓународното право

**примена на знаењето и разбирањето**

- способност за истражување и тестирање на концептите и теориите во рамки на меѓународното право, како и организирање и менаџирање со стручно – истражувачки проекти од областа на меѓународното право.
- способност за идентификување, формулирање и решавање на стручни проблеми од

областа на меѓународното право, а во насока на евалуација на програмата на меѓународното право и неговите аспекти.

- способност за селектирање на релевантни истражувачки методи и искористување на резултатите од стручно – истражувачката дејност во областа на меѓународното право.

**способност за проценка**

- способност за прибирање, анализирање, оценување и презентирање на информации од релевантни податоци за меѓународното право, најчесто од перспектива на познавање на неговите мултидисциплинарни и интердисциплинарни компоненти.
- способност за евалуација на сопствените стручно – истражувачки перформанси во областа на меѓународното право.
- способност за комбинирање на теоријата и праксата со цел воведување на нови стручни стратегии од областа на меѓународното право.

**комуникацици вештини**

- способност ефикасно да комуницира преку пишувани извештаи и усни презентации, со стручната и пошироката јавност употребувајќи соодветна терминологија и стручен јазик.
- способност да споделува и дебатира за концепти и идеи од областа на меѓународното право, како со стручната, така и со пошироката општествена јавност.
- способност за тимска работа и активна соработка внатре во групата, преку споделување одговорности и задачи. Преземање иницијатива за идентификување на потребите за учење и понатамошно професионално продлабочување, со висок степен на самостојност во одлучувањето.
- редовно следење на најновите стручни достигнувања и текови од областа на меѓународното право, а преку следење и консултирање на изворите на меѓународното право, стручни и научни трудови, стручни и научни списанија, посетување на стручни и научни семинари, конференции итн.
- 

**вештини на учење**

- преземање иницијатива за идентификување на потребите за учење и понатамошно професионално продлабочување, со висок степен на самостојност во одлучувањето.
- редовно следење на најновите стручни достигнувања и текови од областа на меѓународното право, а преку следење и консултирање на изворите на меѓународното право, стручни и научни трудови, стручни и научни списанија, посетување на стручни и научни семинари, конференции итн.

**<u>Листа на предмети</u>**

**Семестар 1**

**Задолжителни предмети (6 ЕКТС)**

*Граѓанско процесно право*

Цел на предметната програма по граѓанско процесно право е да им овозможи на студентите да се стекнат со продлабочени знаења за граѓанското процесно право и со специфични вештини за примена на ова право во практиката. Посебни задачи на оваа програма се: да ги оспособи студентите самостојно да ги идентификуваат и критички да ги анализираат основните институти на граѓанското процесно право и да развива вештини за примена на стекнатите знаења во практиката во врска со водењето на граѓанско судските постапки. За остварување на овие цели и задачи предметната програма по граѓанско процено право ќе ги обработи теоретските аспекти на граѓанското процесно право, а потоа ќе се фокусира на практичната примената на процесноправните норми. По завршувањето на ова предметна програма студентите ќе можат самостојно да ги истражуваат институтите на граѓанското процесно право од теориски аспект, начините на нивно нормативно обликување и конкретизација и примената во практиката и ќе бидат оспособени за преземање одделни процесни дејствија, посебно ќе стекнат знаења за пишување поднесоци

*Казнено процесно право*

Казненото процесно право е научна дисциплина која ги проучува правните прописи со кои се уредува начинот на преземање на процесните дејства во казнената постапка и формата на процесните односи во кои стапуваат субјектите и другите лица при преземањето на процесните дејствија. Предметот Казнено процесно право претставува збир на правни норми кои ги уредуваат правните дејствиа на субјектите во кривичната постапка. Кривичната постапка ги уредува односите меѓу субјектите во кривичната постапка одредувајќи ги нивните права и должности во сите фази на постапката. Во кривичната постапка се усогласуваат: процедуралните односи, облиците на постапката и процедуралните гаранции.

*Современи политички системи*

Студентот треба да се стекне знаења за современите политички системи и да се оспособи за критичка евалуација на истите од аспект на нивното отстапување од теоретските концепти и уставните норми.

**Изборни предмети (се избираат два предмети од листата) (6 ЕКТС)**

*Европска правна традиција*

Предметот Европска правна традиција се надоврзува на знаењето кое студентите го стекнале на додипломските студии и претставува продлабочено изучување на

историските и компаративни темели на европската правна култура и традиција. По пат на анализа на традиционалните европски интеграциони парадигми, како од јавноправен, така и од приватноправен карактер, овој предмет претставува правен вовед во европското јавно право и европското приватно право, пренесувајќи им на докторантите историски и компаративни знаења кои им се нужни за критичко вреднување на структурата и функцијата на современиот европски правен состав и неговата примена. Преку изучувањето на европската правна традиција, овој предмет дава основа која е потребна за разбирање на европскиот правен простор и извршување на задачите поврзани со европските институции и европските земји.

*Постапка за признавање на странски судски одлуки*

Целта на оваа предметна програма е постдипломците да се здобијат со корисни и применливи знаења за егзекватурата на странските судски одлуки и практичната примена на неговите институти. Исто така, тие ќе научат како се решаваат проблемите кои настануваат при постапките за егзекватура на странските судски одлуки и притоа ќе можат стекнатато знаење да го применат во пракса. Со изучување на овој предмет, постдипломците ќе се стекнат со знаења од областа на признавањето на странските судски одлуки за правни ситуации во кои е неопходно да се одлучи за екстериторијалното дејство на странските судски одлуки. Воедно, целта на предметот е постдипломците да се стекнат со знаења за признавање на странските судски одлуки донесени во посебни постапки за кои одлучува домашен или странски суд, а особено суд на некоја од државите-членки на ЕУ. Целта на предметната програма е да ги оспособи постдипломците самостојно да ги идентификуваат и критички да ги анализираат основните поими и институти на постапката за признавање на странски судски одлуки, да развиваат вештини за примена на стекнатите знаења во практиката во врска со признавањето и извршувањето на странските судски одлуки.

*Меѓународни хартии од вредност*

Преку оваа предметна програма, постдипломците ќе ги разберат основните концептуални, терминолошки и етимолошки поими во сферата на издавањето и тргувањето со хартиите од вредност на меѓународен план, правната природа на хартиите од вредност и видовите хартии од вредност; ќе бидат во состојба да ги разликуваат и разберат основните насоки во развојот на издавањето и тргувањето со хартиите од вредност на меѓународен план, особено во рамките на Европската унија; ќе бидат во состојба да ги знаат правната природа на акцијата, различните значења на терминот акција, водењето регистри на хартии од вредност, вредноста на акцијата (емисиона, билансна и пазарна вредност на акцијата), категориите на акции според: легитимирањето на сопственикот, обемот на правата, редоследот на издавање, правото на глас, дематеријализацијата, вредноста, слободата на тргување, како и посебните категории акции: винкулирани акции, работнички акции, бесплатни акции, акции со попуст и др.; ќе бидат во состојба да ги знаат хартиите од вредност и нивните пазари, пазарни структури и механизми за тргување со хартии од вредност,

регулација на пазарите со хартии од вредност, пазарни (берзански) индекси, теоријата на пазарот на капитал, портфолио теорија; моделот за вреднување на капиталските имоти, хипотезата за ефикасни пазари на хартии од вредност; ќе бидат во состојба да ги знаат вреднувањето на хартиите од вредност со фиксен доход: стапка на принос до достасување на обврзниците, терминска структура на каматните стапки, имунизацијата од каматен ризик о каматните свапови; ќе бидат во состојба да ги знаат вреднувањето на акциите: моделите на вреднување, техничката анализа, фундаменталната анализа, дериватните хартии од вредност, вреднувањето на опциите: тргувани опции, варанти, конвертибилни хартии од вредност.

**Семестар 2**

**Задолжителни предмети (6 ЕКТС)**

*Вовед во дипломатија*

Предметот Вовед во дипломатијата ги третира основните белези, карактеристики и функционални атрибути на дипломатијата како таква. Имено, во меѓународната доктрина постојат различни определби за овој поим. Станува збор за меѓународната дипломатија, водење на меѓународни односи преку посредувањето на професионални дипломати во врска со прашања поврзани со постигнувањето на мир, култура, економија, трговија и војна. Додека други автори сметаат дека дипломатијата е наука со определени задачи, методи, правила и норми

*Дипломатско и конзуларно право*

Целта на предметот е совладување на основните институти на меѓународното дипломатско и конзуларно право преку покривање на сите аспекти на воспоставувањето, одржувањето и окончувањето на дипломатските и конзуларните односи на билатерално и на мултилатерално ниво, во постојан и во привремен облик, односно, инсталирањето, функционирањето и терминирањето на дипломатските, специјалните и конзуларните мисии (билатерала), т.е. мисиите на меѓународните организации и постојаните мисии кај меѓународните организации (мултилатерала). Посебен акцент во проучувањето ќе се стави врз функционирањето на дипломатските и конзуларните мисии (во согласност со правото и противправно) и во тој контекст особено врз проблематиката на дипломатските и конзуларните привилегии и имунитети. Преку анализирање на бројни специфични случаи од релативно сиромашната македонска и исклучително богатата компаративна практика, вклучително и јуриспруденцијата на меѓународните правосудни институции, од студентите се очекува да ја совладаат неопходната теорија (право версус обичај; имунитет версус привилегија; обврска версус добра волја; обичајно правни версус договорно фундирани правила; позитивно право версус правни празнини и начини на нивно пополнување (дозволени/недозволени аналогии) итн., како стартер/увертира во комплетното апсолвирање на релевантната дипломатска практика. На студентите ќе им бидат ставени на располагање текстови од дипломатските архиви на различни држави, како и најразличните пресуди на меѓународните судови/арбитражи заради детално проучување и градење на критички однос кон нив.

*Заедничка надворешна и безбедносна политика на ЕУ*

Со завршувањето на овој предмет, студентите треба да бидат оспособени да ја познаваат суштината на Заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ, во сите нејзини аспекти, како комплексна материја и политика која се повеќе побудува внимание во меѓународните правни и политички кругови.

**Изборни предмети (се избира еден предмет од листата) (6 ЕКТС)**

*Меѓународни трибунали*

Целта на предметот е совладување на клучните правни и процедурални институти поврзани со настанувањето, функционирањето и престанувањето на најзначајните меѓународни трибунали што во моментов на каков било начин влијаат врз тековите на меѓународната политика. Од постдипломците ќе се бара критички однос кон теоријата и практиката на меѓународното организирање и интегрирање, односно функционирање на секој од постоечките меѓународни трибунали, со цел извлекување на заклучоци за улогата на РМ до сега и можностите за нејзино подобрување/зголемување во иднина. Преку овој предмет постдипломците ќе се стекнат со искуство во примена на различните меѓународно-правни инструменти неопходни за покренување и водење на постапка пред меѓународните судови.

*Меѓународно јавно мислење*

Комплексните процеси на глобализација се случуваат во економијата, политиката и екологијата. Современото информациско општество е „мрежно општество“, а експлозивниот развој на комуникациските и информациските технологии доминантно влијае за неговата менливост. Традиционални и нови медиуми, нови индустрии (маркетинг и односи со јавностите) како се повеќе посредувани форми на комуникации, претендираат на посредување (отуѓување) на поединецот. Консумеризам наспроти критички публицитет. Дали антиглобализмот нуди вистински алтернативи.

**Изборни предмети (6 ЕКТС):**

**Студентите избираат 1 (еден) предмет од пошироко опшествено подрачје од студиските програми на Универзитетите во РМ.**

**Семестар 3**

**Задолжителни предмети (6 ЕКТС)**

*Методологија на општествени науки*

Креира и стимулира истражувачката компетенција кај студентите. Покрај запознавањето со овие истражувачки позиции, во рамките на курсот ќе се обработат клучните филозофски прашања кои го засегаат научното познание во општествено – хуманистичките дисциплини. (проблемот на растот на научното познание; Создава

емпириски знаења за аплицирање на проекти од научно и финансиско значење; Создава сфаќања за различни типови на научна анализа.

*Меѓународно приватно процесно право*

Преку изучување на овој предмет, постдипломците ќе се стекнат со продлабочени знаења за меѓународната надлежност и за значајните процесни прашања во меѓународното приватно процесно право. Исто така, ќе се стекнат и со посебни познавања во областа на меѓународното приватно процесно право и практичната примена на неговите институти и ќе научат како се решаваат проблемите кои настануваат при судирот на јурисдикции и притоа ќе можат стекнатато знаење да го применат во пракса.

*Меѓународни организации и меѓународни односи*

Целта на предметот е совладување на клучните правни и процедурални институти поврзани со настанувањето, функционирањето и престанувањето на најзначајните/највлијателните/најмоќните меѓународни владини организации што во моментов на каков било начин влијаат врз тековите на меѓународната политика. Универзалните и европските организации ќе бидат проучувани, меѓудругото, и низ призмата на пристапувањето на РМ кон нив (временската точка во која тоа беше сторено, начинот на пристапување во согласност или не со позитивното меѓународно право и правото на конкретната организација, одредницата/името под кое се случи тој факт, односно анализа на етапата во која во моментов се наоѓа РМ во однос на оние организации кон кои се стреми, а сеуште не е нивна членка - ЕУ (ако условно ја третираме како организација) и НАТО. Од студентите ќе се бара критички однос кон теоријата и практиката на меѓународното организирање и интегрирање, односно функционирање на секоја од постоечките меѓународни организации, со цел извлекување на заклучоци за улогата на РМ до сега и можностите за нејзино подобрување во иднина.

**Изборни предмети (се избираат два предмети од листата) (6 ЕКТС)**

*Европско меѓународно јавно право*

Со изучување на овој предмет постдипломците ќе се стекнат со познавања од областа на европското меѓународно јавно право. Европското меѓународно јавно право го изучува развојот на меѓународното јавно право на европските држави и неговото влијание врз правото на ЕУ. Предметот на обработка не е ограничен само на јавното право на државите-членки на ЕУ, туку го опфаќа јавното право и на останатите европски држави и европски правни системи.

*Меѓународно воено и хуманитарно право*

Целта на предметот е да се објаснат основните институти на меѓународното воено и хуманитарно право во теорија и пракса на нивното договорно стипулирање и имплементација, пред се во конкретни случаи на внатрешни војни. Ова е направено во две големи групи на нормите на меѓународното хуманитарно право и тоа: заштита на лицата кои се актери и лицата кои не се актери во војната. Во воведот на овој предмет е даден историјатот на дефинициите на тоа што претставува вооружен

судир, кои се актерите на таквиот судир, определување на типовите на внатрешни судири, а оттаму се очекува студентите да ги совладаат и ефективно да ги применат во соодветните случаи (вклучувајќи го конфликтот во 2001 година во Македонија). Од студентите се очекува да се оспособат за пишување на извештаи за рано предупредување на вооружени конфликти, како и стекнување вештини на посредувања и арбитражи во таквите конфликти. Посебна тема на расправа ќе бидат одлуките на меѓународните трибунали, вклучувајќи ги пресудите во случаите на кршење на военото право и меѓународните злосторства како оние во Руанда, Југославија, како и пресудите на нашите граѓани во Хаг. На студентите ќе им биде презентирана конкретна граѓа на тие пресуди и анализи на пресудите од тие судења. Се очекува тие суверено да го совладаат презентираното, но и да можат да воспостават критички однос кон пресудите.

*Економска политика на ЕУ*

Економско - правниот систем и економската политка на ЕУ има за цел да ги запознае студентите на вториот циклус на студии со регулаторното окружување (правните прописи кои го сочинуваат економскиот систем) и механизмите на спроведување на економската политка на ЕУ како специфична меѓународна интеграција. Целта добива н вредност кога се има во вид идната проекција на економската политика на Р.Македонија која тежи кон интегрирање во споменатата заедница на европски држави.

**Семестар 4**

**Изборни предмети (се избира еден предмет од листата) (6 ЕКТС)**

*Меѓународна политика*

Предметот Меѓународни политички односи има за цел темелно запознавање на студентите со поведението и односите на државите и на другите субјекти во меѓународната политика. Според тоа, цел на изучувањето на овој сигнификантен предмет е пренесувањето на суштествените и есенцијални знаења и сознанија за основните и аксиоматски законитости на меѓународните политички односи, нивното дефинирање, концептуализирање и операционализација.

*Меѓународното право и глобализацијата*

Студентитие трбеа да се запзонаат со основните поими кои ротират околу поимот на меѓународното право и глобализацијата, но и да ги осознаат сите нејзините аспекти. Посебно, целта е тие да добијат солидни знаења за економскиот културниот, информатичкиот и полтичкиот аспект на глобализација, а по слушањето на курсот од нив се очекува да бидат оспособени да ги анализаат и внатрешните и меѓународните полтички случувања и појави и од перспективата на сиве овие посебни аспекти. Уштеповеќе, се очекува да ги анализираат современите конфликти,

од една меѓународно – правна, но и од универзалистичка и од културно релативистичка перспектива.

**Изборни предмети (6 ЕКТС):**

**Студентите избираат 1 (еден) предмет од пошироко општествено подрачје од студиските програми на Универзитетите во РМ.**